ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПОВИК БР. 22/2023 – НАБАВКА НА ПЕЧАТАРСКИ УСЛУГИ**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија", кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија, објавува **Повик за печатарски услуги.**

Предмет на набавка:  Институтот за стратешки истражувања и едукација од Скопје има потреба од набавка на печатарски услуги согласно со описот од овој повик:

1. Двострано печатен документ – од еден лист (документ патоказ) формат А3 во колор – 50 примероци, преклопен на средина, печатен на 300 гр. хартија;
2. Двострано печатен документ – од еден лист во формат А4 од 4 страници (листа за чекори) во колор – 100 примероци (50 примероци на македонски јазик и 50 примероци на албански јазик), преклопен на средина, печатен на 300 гр. хартија;
3. Двострано печатен документ – од еден лист во формат А4 од 2 страници (декларација) во колор – 50 примероци, печатен на 300 гр. хартија.

Понудата да биде дадена како единствена цена за сите три ставки.

Цените од понудата да бидат прикажани во денари и без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ

Рок за завршување работи  е 10 дена од денот на склучување на договорот.

Рок и начин за доставување на понудите: Понудите се доставуваат најдоцна **до 22.08.2023 година** на следната електронска пошта: **isie@mail.org.**

Датум на објава на оглас: 15.08.2023 г.